ИНДЕКС ЗА МЛАДИНСКИ РАЗВОЈ ВО МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА



USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Агенција за млади и спорт

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

ОКТОМВРИ 2018



Индекс
за младински развој
во Македонија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА

Октомври 2018

Оваа публикација е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на проектот на УСАИД за граѓанско учество. Содржината е одговорност на Коалицијата на младински организации СЕГА и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

**Наслов на публикацијата**
Извештај за Индексот за младински развој во Македонија за 2018 година

**Издавач**
Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп

**Автор**
Александар Цеков, Центар за истражување и креирање политики

**Извршен директор**
Зоран Илиески

**Дизајн и печат**
Мантикор ДООЕЛ

**Лектор**
Катица Трајкова

**Тираж**
200 примероци

Бесплатен/некомерцијален примерок

# Содржина


Листа на скратеници .......... 8

1. Вовед .......... 9

2. Извршно резиме .......... 10

3. Методологија .......... 11

 3.1. Методолошки ограничувања .......... 13

4. Анализа на индикатори .......... 14

 4.1. Образование .......... 14

  4.1.1. Стапка на упис и завршување во средните училишта .......... 14

  4.1.2. Стапка на писменост .......... 14

  4.1.3. Стапка на дигитална писменост .......... 15

  4.1.4. Процент на млади што учат два или повеќе странски јазици во средно образование .......... 18

  4.1.5. Стапка на млади запишани во високо образование .......... 18

  4.1.6. Инклузивност (во поглед на физичка попреченост) во средните училишта .......... 19

  4.1.7. Родова еднаквост .......... 19

  4.1.8. Планско запишување на ученици во средните училишта .......... 20

  4.1.9. Активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти .......... 20

 4.2. Здравје и благосостојба .......... 20

  4.2.1. Стапка на смртност меѓу младите .......... 20

  4.2.2. Стапка на пушачи меѓу младите .......... 21

  4.2.3. Стапка на млади што злоупотребуваат алкохол .......... 22

  4.2.4. Стапка на угоеност меѓу младите лица .......... 23

  4.2.5. Стапка на млади лица што користат нелегални droги .......... 23

  4.2.6. Стапка на млади инфицирани од ХИВ .......... 23

  4.2.7. Стапка на млади што искусиле психолошки стрес во последните 4 седмици .......... 23

4.2.8. Превенција од сообраќајни незгоди во кои се вклучени младите ...... 24
4.3. Вработување и можности за младите ........................................................ 24
4.3.1. Стапка на невработеност меѓу младите ............................................. 24
4.3.2. Стапка на млади што се невработени, не се во образование и обука (НЕЕТ) ................................................. 24
4.3.3. Промоција на неформалното образование меѓу младите .................. 25
4.3.4. Стапка на фертилитет кај младите ....................................................... 25
4.3.5. Поседување на трансакциска сметка во финансиска институција....... 26
4.3.6. Стапка на млади што живеат со родителите........................................ 26
4.3.7. Промоција на мерки за поттикнување на вработување меѓу младите од страна на општините...................... 27
4.4. Политичка ангажираност и учество .............................................................. 27
4.4.1. Стапка на излезност на последните избори.......................................... 27
4.4.2. Членство во политичка партија ............................................................. 28
4.4.3. Учество во кампања на политичка партија за време на избори .......... 28
4.4.4. Учество на младите во локалната власт ............................................... 29
4.5. Граѓанско учество ............................................................................................ 29
4.5.1. Интеракција на младите со локалните и државните власти ............... 30
4.5.2. Изразување на ставови и мислења на интернет од страна на младите............................................................................ 31
4.5.3. Консултативен процес на локално ниво при креирање на јавни политики што ги засегаат младите......................................... 31
4.5.4. Буџет за младински програми ................................................................. 32
4.5.5. Перцепција на младите во однос на влијанието на чинителите врз решавање на нивните проблеми .......................... 32
4.5.6. Одговорност за решавање на младинските прашања ......................... 33
4.5.7. Задоволство од квалитетот на живот во општината............................. 33
4.5.8. Вклученост на младите во зачувување на животната средина............ 34
4.5.9. Стапка на млади што имаат искуство со волонтерство........................ 35
4.5.10. Промоција на волонтерството од страна на општината ..................... 36
4.5.11. Учество во културни активности ........................................................... 37
4.5.12. Учество во спортски активности............................................................ 37
4.5.13. Учество во решавање на проблем во заедницата............................... 38
4.5.14. Учество во граѓански протести .............................................................. 39

4.5.15. Потпишување петиции ........................................................... 39

4.5.16. Обезбедување финансиска поддршка од локалните и националните власти во насока на поттикнување на младинско учество ................ 39

4.5.17. Постоење на комуникациска стратегија за информирање на младите во општината/државата ................................................ 39

4.5.18. Спроведување на истражувања за ставовите и потребите на младите во општината/државата ................................................ 40

4.5.19. Постоење на формално уредени училишни заедници во средните училишта на територијата на општината ...................... 40

4.5.20. Конституирање на Совет на млади ................................................ 40

5. Заклучоци ................................................................................ 41

6. ПРЕПОРАКИ ............................................................................ 44

6.1. Национално ниво ........................................................................ 44

6.2. Препораки на регионално ниво ..................................................... 45

6.2.1. Скопски Регион ....................................................................... 45

6.2.2. Плански Североисточен Регион ................................................. 46

6.2.3. Плански Источен Регион ........................................................... 46

6.2.4. Плански Југоисточен Регион ...................................................... 47

6.2.5. Плански Вардарски Регион ........................................................ 47

6.2.6. Плански Југозападен Регион ...................................................... 48

6.2.7. Плански Полошки Регион .......................................................... 48

6.2.8. Плански Пелагониски Регион ..................................................... 49

7. АНЕКС 1 ................................................................................... 50

# Листа на скратеници

| | |
|---|---|
| ИМРМ | – Индекс за младински развој во Македонија |
| ДЗС | – Државен завод за статистика |
| ИЈЗ | – Институт за јавно здравје |
| ОЕЦД | – Организацијата за економска соработка и развој |
| ЕЛС | – Единица на локална самоуправа |



# 1. Вовед

Во поглед на вклученоста на младите во општествено-политичкиот живот, локалните и националните институции сè уште не ги препознаваат придобивките од зголеменото граѓанско учество во креирањето на политиките и тоа главно поради недостиг на знаење и отвореност за соработка. Овој недостиг на соработка е резултат на лошиот имиџ и перцепција за граѓанските организации од страна на граѓаните. Дополнително, младинските граѓански организации немаат капацитет да преземат активности за да се залагаат за потребите на младите, истовремено за подобрување на перцепцијата на граѓанските организации како главни поддржувачи на човековите права. Недостигот на основните податоци за учеството на младите во Македонија исто така ги ограничува способностите на граѓанските организации да развиваат фокусирани програми. Во Националната стратегија за млади 2016 – 2025 недостасуваат базични податоци, особено за младинското учество.

Според тоа, Коалицијата на младински организации СЕГА спроведува проект со којшто ќе се зголеми влијанието на младинските организации во граѓанското учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво, со што ќе се придонесе кон подобрување на статусот и добросостојбата на младите луѓе во државата.

Коалицијата СЕГА со проектот воведе Индекс за младински развој во Македонија, алатка преку којашто ќе се испита состојбата на младите во пет категории, што се клучни за нив, и ќе се идентификуваат областите каде што е неопходна интервенција од страна на креаторите на политиките. Целта на Индексот за младински развој во Македонија е да обезбеди основни податоци за приоритетите на младите на локално ниво, со цел да се овозможат насочени интервенции и подобрување во областите од страна на локалната заедница (граѓанското општество, локалните институции, другите јавни и приватни чинители). Индексот првенствено ќе обезбеди квантитативни информации и намерата му е да генерира извештаи што ќе ги користат носителите на одлуки и граѓанските организации за подобро разбирање на потребите на нивната заедница.

Овој Индекс се базира врз Глобалниот индекс за младински развој, поддржан од Комонвелтот, којшто е сложен индекс составен од 18 индикатори коишто заеднички го мерат младинскиот развојот во пет категории: образование, здравје и благосостојба, вработување и можности, политичко учество и граѓанско учество. Во 2016 година беа објавени резултатите од Глобалниот индекс за младински развој[1], на којшто Македонија беше рангирана во категоријата на земји со многу висок коефициент со резултат од 0,719 на скала од 0 до 1. Со овој резултат Македонија е меѓу најдобрите земји од регионот, пред некои земји членки на Европската Унија, како Грција, Бугарија и Романија.

1 Достапен на http://youthdevelopmentindex.org/.

Сепак, и покрај добриот резултат, во одредени аспекти на младински развој евидентно е дека Македонија заостанува во споредба со другите земји. Тука пред сè се мисли на граѓанското учество во коешто Македонија бележи најслаби резултати во споредба со другите категории. Ова воедно беше и еден од мотивите подлабоко да се испита младинскиот развој во Македонија преку алатка што се заснова на методологијата развиена во рамките на Глобалниот индекс. На тој начин Индексот за младински развој во Македонија првенствено настојува да го спореди младинскиот развој помеѓу планските региони во Македонија преку индикатори коишто на еден подлабински начин ја испитуваат состојбата на младите во државава.

## 2. Извршно резиме

Според сумарните резултатите од Индексот за младински развој во Македонија, просекот на општините изнесува 0,491 на скала од 0 до 1. Ова значи дека исполнетоста на индикаторите во петте категории за сите општини е нешто помалку од половина.

По региони, најдобар резултат има Вардарскиот, со просечна оценка во сите категории од 0,676, а по него следуваат Источниот со 0,595 и Североисточниот со просечна оценка од 0,57. Најлоши резултати имаа постигнато општините од Полошкиот Регион со просечна оценка од само 0,293, Југоисточниот со 0,412 и Пелагонискиот со 0,414. Под националниот просек, според резултатот, се наоѓа уште и Скопскиот Регион со 0,424.

| **Сумарни вредности по региони** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Образование** | **Здравје и благосостојба** | **Вработување и можности** | **Политичко учество** | **Граѓанско учество** | **Просечна оценка по регион** |
| **Скопски** | 0,6200 | 0,213 | 0,304 | 0,353 | 0,629 | 0,424 |
| **Североисточен** | 0,6316 | 0,556 | 0,520 | 0,530 | 0,613 | 0,570 |
| **Источен** | 0,603 | 0,797 | 0,570 | 0,619 | 0,384 | 0,595 |
| **Југоисточен** | 0,2104 | 0,328 | 0,292 | 0,823 | 0,409 | 0,412 |
| **Вардарски** | 0,5972 | 0,737 | 0,911 | 0,598 | 0,536 | 0,676 |
| **Југозападен** | 0,3100 | 0,796 | 0,322 | 1 | 0,313 | 0,548 |
| **Полошки** | 0,1942 | 0,488 | 0,345 | 0 | 0,436 | 0,293 |
| **Пелагониски** | 0,0740 | 0,486 | 0,478 | 0,374 | 0,656 | 0,414 |
| **Просечна оценка по категорија** | **0,405** | **0,550** | **0,468** | **0,537** | **0,497** | |

Табелата подолу дава преглед на резултатите по региони, со ранг-листа и класификација во однос на нивото на ИМРМ[2].

| | Ранг | Вкупна оценка | Ниво на Глобален индекс |
|---|---|---|---|
| **Скопски** | 5 | 0,424 | Ниско |
| **Североисточен** | 3 | 0,570 | Средно |
| **Источен** | 2 | 0,595 | Средно |
| **Југоисточен** | 7 | 0,412 | Ниско |
| **Вардарски** | 1 | 0,676 | Многу високо |
| **Југозападен** | 4 | 0,548 | Средно |
| **Полошки** | 8 | 0,293 | Ниско |
| **Пелагониски** | 6 | 0,414 | Ниско |

Во поглед на категориите на младински развој, најмногу исполнетост на индикаторите има во категоријата Политичко учество, каде што средната оценка изнесува 0,537. Потоа следува Граѓанско учество со 0,497, Вработување и можности со 0,468 и Образование со 0,405. Најниска исполнетост на индикаторите има во категоријата Здравје и благосостојба каде што средната оценка е 0,364.

# 3. Методологија

Методологијата за Индексот за младински развој во Македонија (ИМРМ) е развиена според методологијата за Глобалниот индекс за младински развој. Индикаторите коишто го мерат младинскиот развој се групирани во пет категории и тоа:

1. Образование,
2. Здравје и благосостојба,
3. Вработување и можности,
4. Политичко учество,
5. Граѓанско учество.

Согласно целта на истражувањето, која настојува подлабински да ги истражи овие области, овој Индекс има развиено дополнителни индикатори коишто ги земаат предвид специфичностите на младинскиот развој во Македонија, а посебен фокус е ставен на последната категорија – Граѓанско учество каде што наместо 2 индикатори (според Глобалниот индекс) се развиени 20 индикатори со цел да се покријат повеќе аспекти во оваа област. Индикаторите се разликуваат и суштински од Глобалниот индекс за младински развој, што значи дека директно не се споредливи. Сепак, категориите на младински развој остануваат исти.

2 Според нивоата определени во Глобалниот индекс за младински развој: ниско 0 – 0,494; средно > 0,495 – 0,607; високо > 0,608 – 0,671; многу високо > 0,672 – 1.

Во Индексот за младински развој во Македонија (ИМРМ) вкупниот број на индикатори изнесува 48 или групирани по категории се:

| Категорија | | Број на индикатори |
|---|---|---|
| 1. | Образование | 9 |
| 2. | Здравје и благосостојба | 8 |
| 3. | Вработување и можности | 7 |
| 4. | Политичко учество | 4 |
| 5 | Граѓанско учество | 20 |
| | **ВКУПНО** | **48** |

Во оваа анализа е користен опсегот од 15 до 29 години согласно праксата во голем број земји коишто имаат дефинирано возрасна група што ги опфаќа младите. Во Република Македонија возраста што ги одредува младите уште не е дефинирана со законски акт. Единствен документ што ја одредува возрасната граница на младите луѓе во државата е **Националната стратегија за млади 2016 – 2025 година**, при што терминот млади се однесува на сите лица на возраст 15 – 29 години.

Во поглед на изворите на податоци, користени се примарни и секундарни извори на податоци.

Од примарните извори на податоци  за потребите на анализата беа спроведени анкети со младите на возраст 15 – 29 години во сите осум плански региони во Македонија. Анкетирањето беше предвидено на примерок од 2 002 испитаници, коишто беа стратифицирани во однос на пол, возраст, етничка припадност, месечни примања и место на живеење (општини и региони). Примерокот е определен врз основа на бројот на млади луѓе во Македонија на возраст од 15 до 29 години распределен по региони. Беа анкетирани вкупно 1 986 испитаници, што одговора на маргинална грешка од 2,2% и ниво на доверба од 95%.

Анкетирањето беше спроведено во периодот април – јули 2018 година во сите осум плански региони во 20 градови во Република Македонија: Вардарски Регион (Велес, Кавадарци, Свети Николе и Неготино), Источен Регион (Штип, Кочани), Југозападен Регион (Дебар, Охрид и Струга), Југоисточен Регион (Гевгелија, Радовиш и Струмица), Пелагониски Регион (Прилеп, Битола и Ресен), Полошки Регион (Гостивар, Тетово и Теарце), Североисточен Регион (Куманово) и Скопски Регион (Скопје).

Беа организирани и осум фокус-групи, по една фокус-група во секој од планските региони во Македонија. Учесниците во овие групи  имаа можност да дискутираат за прашања што ги засегаат младите во регионот. Одговорите на младите во текот на дискусијата беа квалитативно обработени, а сознанијата беа употребени за дополнување на квантитативните податоци.

Понатаму, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во периодот септември – октомври 2018 година беа прибрани податоци од 49 општини, што значи дека процентот на респонзивност изнесуваше 60%.

Во поглед на секундарните податоци беа користени статистички податоци од Државниот завод за статистика, податоци од релевантни институции (Институтот за јавно здравје, Ми-

нистерството за образование и наука, општините), добиени преку допис до институциите[3].

Обработката на податоци се вршеше со квантитативни и квалитативни методи на обработка на податоците.

Квалитативните податоци беа обработувани преку анализа на текст и анализа на содржина, и примарно со овие алатки беа обработени информациите од општините, податоците добиени преку допис до институциите и податоците од фокус-групите. Овие податоци послужија за подобро разбирање на квантитативните податоци што ги добивме преку анкетите и статистичките податоци од ДЗС и релевантните институции.

Квантитативните податоци беа обработени во програма за обработка на квантитативни податоци (SPSS), користејќи фреквенции и вкрстување на варијабли со цел да се добијат релевантни и репрезентативни податоци за различни целни групи помеѓу младите.

Заради обезбедување на споредливост помеѓу регионите, сите квантитативни податоци беа преточени во коефициент на исполнетост којшто се пресметуваше според формулата на Глобалниот индекс за младински развој. Коефициентот на исполнетост го прикажува исполнувањето на индикаторите на скала од 0 до 1 при што се определуваат највисоката и најниската вредност, а вредноста за конкретниот индикатор се добива со одземање на најниската вредност, па добиената разлика се дели со разликата од највисоката и најниската вредност.

**КИ = Y(i) – Y(min) / Y(max) – Y(min)**

КИ = коефициент на исполнетост

Y(i) = вредноста на индикаторот

Y(min) = најниската вредност меѓу индикаторите

Y(max) = највисоката вредност меѓу индикаторите

Вака добиените вредности беа користени за споредба на резултатите помеѓу регионите и помеѓу индикаторите и за идентификување на приоритетните области за интервенција.

## 3.1 Методолошки ограничувања

Во поглед на ограничувањата на истражувањето треба да се истакне дека и покрај напорите за обезбедување на некои од податоците што беа потребни, не успеавме целосно да ги обезбедиме. Друг предизвик со којшто се соочивме во текот на истражувањето беше и тоа дека не сите податоци се достапни и по региони, односно некои податоци се однесуваат на ниво на цела држава и тие не се стратифицирани по региони. Во таков случај, при креирањето на коефициентот на исполнетост на индикаторот, на овие податоци им беше доделена неутрална вредност со цел да не влијае на просекот. Така, споредбата е ограничена само на индикатори за коишто има податоци по региони.

3 Во Анекс 1 може да се најде листата на индикатори со наведените извори што се користени.

# 4. Анализа на индикатори

## 4.1 Образование

Образованието е клучен елемент за развојот на секоја земја, бидејќи придонесува за зајакнување на економијата и на општеството. Во поглед на значењето за младите, преку образованието тие се стекнуваат со значајни искуства и вештини коишто го трасираат нивниот пат во сите аспекти на животот, а исто така и економскиот и општествениот статус во голема мера зависи од стекнатото формално образование.

Од аспект, пак, на значењето за општеството, образованието е клуч за ефикасно учество на младите во општествениот живот и во развојот на заедницата. Понатаму, образованието се смета за една од најдобрите инвестиции, бидејќи на поединците им овозможува подобри можности во однос на наоѓање работа, која, пак, им дава и поголема сатисфакција.

Оттука, преку развиените индикатори во областа на образованието, настојуваме да дадеме проценка на состојбата со образованието преку мерливи параметри коишто можат да се споредуваат и во рамки на планските региони и во рамки на Глобалниот индекс за младински развој.

Во однос на Глобалниот индекс за младински развој, Македонија во оваа категорија има резултат од 0,843, што ја става на 57 место во светот.  Од земјите во регионот, само Албанија има полоши резултати од Македонија и се наоѓа на 74 место со резултат од 0,787 од 1. Сите други земји се со далеку подобар пласман, при што најблиску е Црна Гора со 0,848 и Србија со 0,866.

### 4.1.1 Стапка на упис и завршување во средните училишта

Средното образование во Република Македонија е задолжително за секој граѓанин. Ова е наведено во член 3 од Законот за средно образование[4], кој понатаму истакнува дека средното образование е бесплатно за секој граѓанин во јавните средни училишта. Последниот параграф, пак, се осврнува на дискриминацијата којашто во рамките на образованието е забранета по која било основа.

Според податоците со коишто располага Државниот завод за статистика, за учебната 2016/2017 год. во средните училишта во Република Македонија на возраст од 15 до 18 год. се запишани вкупно 72 482 ученици. Од нив 37 874 или 52,25 % се женски, а 34 608, односно 47,75 % се машки.  Бројот, пак, на ученици коишто го завршиле средното образование во истата година изнесува 21 577, од кои 47 % се ученички.

### 4.1.2 Стапка на писменост

Во поглед на стапката на писменост, официјалните податоци што се однесуваат на генералното население велат дека според последниот попис во 2002 год. таа изнесувала 3,6 %, при што најниска неписменост има кај Македонците (2,3 %), додека највисока е меѓу Ромите со 20,6 %.

---

4 Службен весник на Република Македонија бр. 44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/2013.

Што се однесува до стапката на писменост меѓу младите, тестирањето на ПИСА, коешто ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот на задолжителното образование на возраст од 15 години, покажува доста лоши резултати, споредено со просекот и во развиените земји[5] и во земјите од регионот. Инаку, ПИСА ги мери резултатите на учениците во способноста за читање и разбирање, математичка писменост и писменост во природните науки.

Во првата категорија, способност за читање и разбирање, дури 62,9 % од учениците од нашата држава во науки се под или на ниво 1, што претставува најниско ниво и според проценките на студијата на ПИСА, учениците од Македонија заостануваат околу три учебни години зад своите врсници од земјите на ОЕЦД во поглед на резултатите во сите области.

Споредено со резултатите во другите земји од регионот во **писменост (оспособеноста за читање),** Словенија е на 14 место на скалата, Хрватска на 31 место, Црна Гора на 55, Македонија на 70, а Косово на 72 според остварените резултати.

Она што е уште позагрижувачко е фактот што од тестирањата од 2000 и 2015 год. резултати се влошуваат и опаднале за 21 поен во категоријата којашто ја мери писменоста.

### 4.1.3 Стапка на дигитална писменост

Според наодите од спроведената анкета за дигитална писменост, мерена преку процентот на младите коишто активно користат интернет, познавањето на софтвери за обработка на текст, презентации и пресметки, како и познавањето на програмски јазик, може да се каже дека младите во Македонија се вешти во користењето на компјутерите.

Имено, 86,8 % од младите во Македонија активно користат интернет, и тоа малку е поголем процентот помеѓу женските испитаници, којшто изнесува 44 %, наспроти 42,6 % помеѓу машките испитаници. Во поглед на старосните групи помеѓу младите, најмладата група е на возраст од 15 до 19 год. и оваа група најмногу користи интернет и процентот на корисници овде е 91,5 %.




Во поглед на познавање на програма за обработка на текст, калкулации и презентации младите од Македонија покажуваат нејзино солидно користење. Така, основно познавање од

5 Членки на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).

наведените програми имаат 28 % за текст, 27,5 %  за презентација и најголем процент од 34,5 % користат Ексел на ова ниво.

Напредно познавање од програмски алатки изјавиле дека имаат 54,2 % за обработка на текст, 43,7 % за калкулации и 50,2 % за презентации.

Од друга страна, пак, процентот на млади коишто немаат никакво познавање од наведените програмски алатки се движи помеѓу 9,9 % за текст, 14,5 % за калкулации и 14,3 % за презентации.




Според познавањето на програма за обработка на текст (како на пример Мајкрософт ворд), предничат младите од планскиот Пелагониски Регион каде што 72,9 % рекле дека имаат напредно познавање на вакви алатки, по што следуваат младите од Скопскиот Регион со 70,2 % и од Вардарскиот со 61,5 %. По региони, најмалку познавања од програма за обработка на текст имаат младите од Североисточниот Регион (36,8 %).



Од графиконот подолу, кој го прикажува познавањето на програма за калкулации на младите по региони, се гледа дека генерално во сите региони познавањето на програмата за калкулации е послаба во однос на познавањето на програмата за обработка на текст. По региони, најмногу млади што имаат познавање на програма за калкулации има во Пелагонискиот (52,2 %), по што следуваат Југоисточниот (49,7 %), Скопскиот (48,9 %), а најниско познавање има во Источниот Регион од 27,8 %. Во однос на тоа колку проценти од младите рекле дека немаат познавање од програма за калкулации, најмногу непознавање има во Североисточниот Регион од 25 %, додека во Полошкиот има 19,8 %, а Источниот 19 %.




Во поглед на познавањето на програмски јазик, 28,9 % од анкетираните млади одговориле дека имаат познавање од програмирање на некое ниво. 69,8 % немаат познавање од програмирање, а 1,3 % немаат одговорено.




Гледано по региони, највисок процент на познавање на програмски јазик има помеѓу младите од Пелагонискиот со 39,4 %, а потоа следува Вардарскиот со 36,5 % и Скопскиот со 33,3 %. Најмалку познавање на програмски јазик има во Југоисточниот Регион од 14,1 %. Воедно, во Југоисточниот Регион има и најмногу одговори од младите дека немаат познавање од програмирање (84,5 %).




Во поглед на полот, резултатите од анкетата покажуваат дека програмирањето е подеднакво застапено и кај машките и женските, односно постои блага предност од 3 % кај анкетираните машки лица.

### 4.1.4 Процент на млади што учат два или повеќе странски јазици во средно образование

Средношколците од Македонија се меѓу земјите каде што во најголем процент во Европа (99,6 %) учат по најмалку два странски јазици за време на своето школување, а скоро сите што посетуваат средно училиште изучуваат барем еден јазик. Ова го покажува извештајот на Европската канцеларија за статистика (Евростат)[6], при што се наведува дека во ова друштво се уште и Лихтенштајн и Луксембург.

Во поглед на застапеноста при изучувањето на странски јазик, Евростат забележува дека англискиот јазик предничи, додека втор најзастапен јазик е германскиот, што го изучуваат 49,2 % од средношколците.

Од земјите на Европската Унија, најмал процент од средношколци што изучуваат втор јазик има во Унгарија (6 %) и Бугарија со 16 %.

### 4.1.5 Стапка на млади запишани во високо образование

Според податоците на Државниот завод за статистика (ДЗС), во Република Македонија во академската 2017/2018 година се запишани вкупно 56 941 студент, што претставува намалување за 2 % во однос на академската 2016/2017 година. Бројот на запишани студентки изнесува 31 669 или 55,6 %.

Најголем број студенти (85,7 %) се запишани на државните високообразовни установи, додека 13,9 % се запишани на приватните високообразовни установи.

Според соопштението на ДЗС, во прва година на студии, во академската 2017/2018 година,

6 https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Foreign_language_learning_statistics.

се запишани 15 094 студенти или 26,5 % од вкупно запишаните студенти (тука се опфатени и студентите што по втор, трет пат или повеќепати запишуваат прва година).

Во поглед на стапката на запишување на матуранти од средните училишта на високообразовните институции, таа изнесува 69,8 %. Ова значи дека од 10, скоро 7 млади го продолжуваат своето образование на некоја од високообразовните институции во земјава.

### 4.1.6 Инклузивност (во поглед на физичка попреченост) во средните училишта

Преку следниот индикатор се мереше степенот на инклузивност на општините во поглед на лицата со физичка и ментална попреченост, односно дали општините во сите региони имаат направено мапирање на потребите на овие млади лица, со цел да им се овозможи непречен пристап до образовните институции и соодветните училишни програми. Од спроведените анкети со вкупно 49 општини, само 16 % имаат спроведено мапирање на потребите на лицата со посебни потреби, а  скоро сите општини (освен една) што имаат спроведено мапирање, имаат изготвено и стратегија за вклучување на лицата со посебни потреби во редовните училишни програми.

По региони, резултатите се прикажани во табелата подолу.




### 4.1.7. Родова еднаквост

Кога станува збор за промовирање на родовата еднаквост меѓу младите, со цел изградба на родово засновано општество, резултатите од истражувањето покажуваат дека стратегија за родова еднаквост имаат усвоено нешто повеќе од третина од општините во Македонија или, поточно,  изразено во проценти, 37 % од опфатените општини. Реализирањето на стратегијата за родова еднаквост изискува и одредени буџетски средства коишто треба да бидат алоцирани од страна на општината. Буџетски средства за оваа намена се предвидени кај една четвртина од општините, што значи дека иако некои од општините имаат усвоено стратегија, сепак немаат финансиски средства за нејзина реализација.

### 4.1.8. Планско запишување на ученици во средните училишта

Во поглед на планското запишување на учениците во средни училишта, во Македонија таква стратегија имаат донесено нешто повеќе од една четвртина од општините, односно 26 %. По региони, општините во Скопскиот и Вардарскиот Регион имаат 0 % исполнетост кај овој индикатор, додека најдобар резултат во рамки на овој индикатор имаат Југоисточниот и Југозападниот со 50 %, односно 40 % од општините имаат стратегија за планско запишување на учениците.

### 4.1.9. Активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти

Еден од проблемите што со години, а можеби и со децении се провлекува е јазот што се продлабочува во однос на тоа што се учи во училиштата и тоа што се бара на пазарот на трудот. Во тој поглед, клучна улога треба да имаат и општините кои уште во средните училишта ќе креираат услови за младите уште тука правилно да го насочат интересот во струката што им е примамлива, а во исто време ќе добијат обука според потребите на работодавците.

Сепак, и во оваа категорија резултатите на општините, анализирани по региони, не се задоволувачки. Така, само 15 % од општините во Македонија учествуваат во креирање и реализација на активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот на трудот. Во одредени општини, како на пример во Североисточниот, Скопскиот и Вардарскиот Регион, ниту една од општините што испратила пополнет прашалник нема спроведено вакви активности. Најдобар резултат во овој поглед има Југоисточниот Регион со 40 % од општините што го имаат исполнето овој индикатор.

## 4.2. Здравје и благосостојба

Развојот на младите во сите аспекти на општествениот живот е речиси незамислив без добро здравје и чувството на благосостојба. Затоа следнава категорија ја оценува состојбата во оваа област преку 8 индикатори коишто се засновани на параметри што имаат влијание врз здравјето и благосостојбата на младите во државава.

Во рамките на Глобалниот индекс за младински развој за 2016 година, Македонија е најдобро пласирана во оваа категорија и се наоѓа на 22 место со резултат од 0,822. Во рамки, пак, на регионот, само Србија е веднаш пред Македонија, и тоа со резултат идентичен со оној на Македонија.

### 4.2.1. Стапка на смртност меѓу младите

Според податоците што ни беа доставени од страна на Институтот за јавно здравје, бројот на млади лица (15 – 29 год.) што го загубиле животот изнесувал 170 лица за 2017 год. Имајќи предвид дека во 2017 година вкупниот морталитет бил 20 421 лице, произлегува дека смртноста помеѓу младите во однос на вкупниот морталитет на населението во 2017 год. изнесува 0,8 %. Притоа многу повисока е смртноста помеѓу машката популација, односно таа изнесува 69,4 % од вкупниот број млади лица што починале, а кај женската популација е 30,6 %. Споредено со вкупниот морталитет, стапката на смртност помеѓу мажите и жените изнесува 52,6 % кај мажите и 47,4 % кај жените.



## 4.2.2. Стапка на пушачи меѓу младите

Податоците со коишто располага Центарот за јавно здравје, а доставени за потребите на Индексот за младински развој, покажуваат дека стапката на пушачи помеѓу лицата на возраст од 15 до 34[7] години изнесува 40,2 % од вкупниот број на пушачи во земјава.

Од друга страна, пак, според анкетата спроведена помеѓу младите во земјава, 39,1 % од анкетираните рекле дека редовно пушат, а бројот на испушени цигари варира од 5 дневно, па до повеќе од 15 на ден. Повремени или популарно наречени пушачи во друштво се 11,5 %, додека 48,1 % рекле дека не пушат, но сепак дел од нив (14,5 %) имаат пробано цигара.




Во поглед на полот, пушењето е еднакво застапено и кај мажите и кај жените на возраст до 29 години.

Гледано по региони, најмногу пушачи помеѓу младите има во Скопскиот Регион, каде што просекот на пушачи е 25,6 %, а ист е и процентот на млади лица што повремено пушат, додека процентот на непушачи изнесува 29,8 %. Втор на листата од региони каде што младите најмногу пушат е Полошкиот со 22,4 %, по што следува Југоисточниот Регион.




7 Податоците од Центарот за јавно здравје се категоризирани според старосни групи што се поразлични од старосните групи што се применуваат во ова истражување.

### 4.2.3. Стапка на млади што злоупотребуваат алкохол

Според податоците на Институтот за јавно здравје за 2017 година, вкупно 67,8 % од населението на возраст од 15 до 34 години консумира алкохол, редовно или повремено. Овде спаѓаат и младите што во текот на седмицата консумираат само една чаша алкохолен пијалак и оние што пијат по неколку алкохолни пијалаци.

За потребите на ова истражување беше спроведена анкета што вклучуваше и прашања во однос на употребата на алкохол од страна на младите. Наодите од оваа анкета покажуваат дека 43,2 % од младите на возраст 15 – 29 год. консумираат алкохол еднаш до два пати седмично. Сепак, најголем процент од младите (45,7 %) одговориле дека не консумираат алкохол воопшто, додека 8,1 % консумираат помеѓу 3 – 5 алкохолни пијалаци, а 2,4 % консумираат и повеќе од 6 алкохолни пијалаци во текот на седмицата. Овие бројки се однесуваат подеднакво и за мажите и за жените, бидејќи процентот на консумирање е скоро еднаков, односно 50,1 % од тие што одговориле дека консумираат алкохол се мажи, а 49,1 % се жени.




Гледано по региони, највисок процент од 79,2 % помеѓу младите што консумираат алкохол има во Југоисточниот, а овде спаѓаат сите оние што одговориле потврдно на прашањето дали консумираат алкохол во текот на седмицата. Потоа следува Вардарскиот Регион со 70,51 %, а на трето место е Источниот Регион со 62,31 %. Во однос на бројот на алкохолни пијалаци во текот на седмицата, најголем процент од млади што пијат по повеќе од шест пијалаци во текот на седмицата има во Вардарскиот Регион од 18,6 %, по што следува Југоисточниот Регион со 9,1 %.




### 4.2.4. Стапка на угоеност меѓу младите лица

Во Македонија, согласно добиените податоци од Институтот за јавно здравје, процентот на млади лица на возраст од 16 до 29 години што имаат прекумерна тежина[8], односно индексот на телесната маса им изнесува повеќе од 25, е 27,7 %, додека 6,7 % се дебели, односно индексот на телесна маса им е повеќе од 30.

Бројките покажуваат дека, покрај фактот што расте бројот на лица со прекумерна тежина во државата, расте и бројот на лица со прекумерна тежина помеѓу младите. Овие индикатори недвосмислено укажуваат на потребата да се преземат конкретни чекори во поглед на едукацијата на младите за придобивките од здравиот начин на исхрана и физичката активност со чија помош може да се превенира овој проблем уште од најрана возраст.

### 4.2.5. Стапка на млади лица што користат нелегални дроги

Стапката на лица[9] што користат нелегални дроги, според податоците на Институтот за јавно здравје, изнесува 16,1 %.

### 4.2.6. Стапка на млади инфицирани од ХИВ

Во Македонија, според податоците што ги добивме од Институтот за јавно здравје, има вкупно 35 лица носители на ХИВ-вирусот, а 5 лица се заболени од СИДА. Од нив сите се мажи.

### 4.2.7. Стапка на млади што искусиле психолошки стрес во последните 4 седмици

Наодите од спроведената анкета помеѓу младата популација покажува дека 46 % од испитаниците изјавиле дека искусиле некаков стрес на работа или дома во последните 4 сед-

8 Согласно методологијата за пресметување на Индекс на телесна маса (кг/м$^2$).

9 Не се добиени податоци само за млади лица.

мици. Од нив, 34,6 % се на возраст од 20 до 29 години, а другите се на возраст од 15 до 19 години. Во однос на полот, и во овој случај, стресот подеднакво ги погодува и мажите и жените, бидејќи процентот на одговори е скоро идентичен.

### 4.2.8. Превенција од сообраќајни незгоди во кои се вклучени младите

Според статистиката, во 2015 година дури 144 лица загинале како резултат на сообраќајни незгоди. Овој висок број ги поттикна релевантните институции да креираат низа кампањи за безбедност во сообраќајот. Имајќи предвид дека секоја година многу голем процент од загинатите се млади, неопходно е да се таргетира и младата популација уште во процесот на образование. За таа цел, едно од прашањата при разговорите со општините беше дали во училиштата се посветува внимание на овој аспект преку разни едукативни кампањи што се дел од некаква стратегија. Сепак, и покрај големата потреба од вакви активности и кампањи, само 23 % од училиштата во Македонија имаат креирано ваква стратегија. Во Источниот, Пелагонискиот и Вардарскиот Регион ниту една од општините нема ваква стратегија.

## 4.3. Вработување и можности за младите

Според Глобалниот индекс за младински развој, резултатот од 0,618 ја става Македонија на 63 место во светот според оваа категорија, каде што се мерат стапките на невработеност кај младите и искористувањето на потенцијалот на младите преку нудење на разни мерки за намалување на невработеноста, како на пример соодветни образовни програми, обуки за претприемништво итн.

Во споредба со земјите од регионот, Словенија, Србија и Хрватска се подобри во оваа категорија, додека најлошо рангирана е Босна и Херцеговина, која се наоѓа на 123 место.

### 4.3.1. Стапка на невработеност меѓу младите

Според податоците со коишто располага Државниот завод за статистика[10], процентот на невработени млади луѓе на возраст 15 – 29 год. за 2017 год. изнесува 45,5 % од вкупниот број на млади на таа возраст. Во поглед на полот, стапката на невработеност е слична и кај мажите и кај жените и таа изнесува 44,5 %, односно 46,7 %, соодветно.

Значаен проблем во напорите за намалување на невработеноста претставуваат и неформалните вработувања, коишто имаат огромно негативно влијание врз овој економски параметар.

### 4.3.2. Стапка на млади што се невработени, не се во образование и обука (НЕЕТ)

Стапката, пак, на млади лица што се невработени, а не се ниту во образование ниту во обука за 2014 година изнесува 31,9 %. Од овие 31,9 %, 19,9 % се невработени што не се студенти.

10 http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.03.pdf.

За истата 2014, стапката на неискористеност на младата работна сила изнесувала 48,8 %, што претставува пораст од 2,6 % во однос на 2012 година. Инаку стапката на неискористеност на младата работна сила се состои од млади што се во недефиниран работен однос (13 %), невработени (25,9 %) и неактивни лица што не се студенти (9,9 %). Најпогодена категорија се лицата што се со најнизок степен на образование, и процентот на невработени само со основно образование е скоро двоен во однос на оние лица со повисок степен на образование или со завршени додипломски студии.

### 4.3.3. Промоција на неформалното образование меѓу младите

Во денешно време кога познавањето на поголем број вештини е неопходно за да се биде конкурентен на пазарот на трудот, неформалното образование е едно од најефикасните начини за доквалификација или преквалификација на младите и стекнување на неопходни вештини.

Податоците од истражувањето, пак, покажуваат дека само 13 % од општините имаат направено некаква анализа за потребите од неформално образование на младите. Притоа, треба да се истакне дека ваква анализа имаат 40 % од општините од Полошкиот Регион, што воедно е и најдобар резултат, додека во Југозападниот, Североисточниот и Вардарскиот ниту една општина нема спроведена ваква анализа.

Нешто подобра е ситуацијата со мапирање на субјектите што нудат ваков вид на образование. Така, 21 % од општините имаат спроведено ваков вид на мапирање на субјекти што нудат неформално образование за млади.

### 4.3.4. Стапка на фертилитет кај младите

Во Република Македонија во изминатава 2017 година вкупно имало 21 754 живородени деца, што во однос на изминатата 2016 година претставува пад за 5,4 %, кога вкупно имало 23 002 живородени деца. Од вкупниот број живородени деца за 2017 год., 945 деца биле родени од мајки на возраст 15 – 19 години. Имајќи го предвид бројот на жени на возраст 15 – 19 год., којшто изнесува 62 819[11], стапката на фертилитет во Македонија меѓу младите на 15 – 19 години што го прикажува бројот на раѓања на 1 000 жени изнесува 15. Ова значи дека на секои 1000 жени на возраст 15 – 19 години во просек има по 15 живородени деца. По региони, највисока стапка на фертилитет има во Југоисточниот, каде што на 1 000 жени на возраст помеѓу 15 и 19 год. има во просек 31,4 живородено дете, по што следуваат Источниот и Пелагонискиот со по 20,9 и Вардарскиот со 19,5.  Најниска стапка на фертилитет има во Полошкиот Регион, каде што на 1 000 жени има 8,4 раѓања.

11 Според податоците од „Процени на населението на 30.6.2015 и 31.12.2015 според полот и возраста, по општини и по статистички региони“ на ДЗС достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=11.




### 4.3.5. Поседување на трансакциска сметка во финансиска институција

Според наодите од анкетата спроведена меѓу младите во Македонија, 68,1 % од нив поседуваат трансакциска сметка на нивно име во некоја од комерцијалните банки, додека 29,6 % одговориле дека немаат сметка на нивно име. 2,3 % не дале одговор на ова прашање. Ова значи дека околу една третина од младите се исклучени од финансиските текови, односно немаат пристап до финансиските услуги што ги оневозможуваат граѓаните, во овој случај младата популација, целосно да се вклучат во општеството. Поседувањето на банкарска сметка, освен за плаќање на сметки, може да се користи и за штедење и користење на поволностите што ги нудат банките за оваа намена. Исто така, при доделување на финансиска помош на младите од страна на државата, како на пример за самовработување, отпочнување на бизнис и редица други мерки за намалување на невработеноста, младите не би имале можност да добијат ваква помош поради непоседувањето на банкарска сметка.

Во државите од Европската Унија, процентот на исклученост од финансискиот систем изнесува 8,7 % од вкупната популација. Највисок процент на исклученост има во Романија (39 %), по што следи Бугарија со 37 %. Од друга страна, највисок процент на вклученост има во Данска и Финска со 100 % вклученост, додека Шведска, Германија и Холандија се блиску до овој број[12].

### 4.3.6. Стапка на млади што живеат со родителите

Податоците што се достапни од Евростат кажуваат дека процентот на млади луѓе во Македонија на возраст 25 – 29 години што живеат со родителите изнесува 70,2 %. Ова е доста висок процент, имајќи предвид дека просекот на ниво на ЕУ е 39,6 %, односно скоро двојно над просекот на земјите од ЕУ.

Така, младите од Македонија што се на возраст помеѓу 25 – 29 години се во друштво на земји од дното на табелата по однос на процентот на млади што живеат независно од

12 https://www.wsbi-esbg.org/press/latest-news/Pages/Close-to-40-million-EU-citizens-outside-banking-mainstream.aspx.

нивните родители. Највисок процент на млади што живеат со родители има во Хрватска (74,5 %), а по неа следуваат Малта, Словачка, Грција, па Македонија.

Најмал процент на млади, кои по завршување на образованието живеат со родителите, има во Данска (4,6 %), Финска (6 %), Шведска (8,9 %) и Норвешка (9 %).

#### 4.3.7. Промоција на мерки за поттикнување на вработување меѓу младите од страна на општините

Во услови кога процентот на невработеност во државата е висок и изнесува 21,1 %, според најновите податоци на Државниот завод за статистика за вториот квартал во 2018, а имајќи предвид дека стапката на невработеност помеѓу младите е уште повисока и изесува 50,1 %, односно секој втор млад човек во Македонија е невработен, затоа од клучно значење е да се преземат активности во насока на намалување на стапката на невработеност преку поттикнување на вработувањето меѓу младите од сите релевантни чинители, вклучувајќи ги тука и општините.

Мерки во оваа насока, според податоците од истражувањето, имаат преземено една третина од општините во државава. Најмногу општини што имаат преземено вакви мерки има во Југозападниот и Пелагонискиот Регион, каде што 60 % од испитаните промовирале мерки за вработување меѓу младите.

### 4.4. ПОЛИТИЧКА АНГАЖИРАНОСТ И УЧЕСТВО

#### 4.4.1. Стапка на излезност на последните избори

Според наодите од анкетата, излезноста на младите во Македонија на последните избори била 60 %. Од останатите, 29,4 % рекле дека не излегле на изборите, додека преостанатите 9,7 % од младите или не дале одговор или одговориле дека не биле полнолетни да гласаат на претходните избори.

Гледано по региони, највисока излезност на претходните избори имало во Југозападниот од 68,8 %, а потоа во Југоисточниот со 66,2 % и Источниот со 63,2 %. Последните три региони со најниска излезност се Полошкиот со 54,1 %, Скопскиот со 59,3 % и Пелагонискиот со 59,6 %.



### 4.4.2. Членство во политичка партија

17,3 % од младите во Македонија рекле дека се членови на некоја политичка партија. Овде се и активните и пасивните членови на политички партии, а 5 % се декларирале како поранешни членови на некоја од партиите.  60,8 % од младите не членуваат во ниту една партија, а 17 % не дале одговор на ова прашање.

Од регионите, најмногу членови во политички партии меѓу младите има во Пелагонискиот Регион, и тоа 24,1 %, а потоа следува Вардарскиот со 22 % и Источниот со 21,8 %. Од друга страна, најмалку членови на политичка партија има во Североисточниот Регион, каде што само 11 % од анкетирани млади рекле дека членуваат во некоја од политичките партии во Македонија, а само три проценти повеќе членови на политички партии (14 %) има во Скопскиот Регион.

Во Североисточниот Регион дури 74,8 % од младите рекле дека никогаш не биле членови на ниту една политичка партија, а нешто помал процент од 69,2 % има во Вардарскиот Регион, а во Скопскиот Регион овој процент изнесува 68,5 %.




### 4.4.3. Учество во кампања на политичка партија за време на избори

Преку овој индикатор го меревме нивото на политичката активност на младите преку партиски активности за време на политичка кампања на политичка партија пред избори. Според резултатите од анкетата, 18,3 % од младите опфатени со оваа анкета учествувале во кампања на политичка партија.

Од регионите, најголема активност за време на политичка кампања покажале младите во Вардарскиот Регион, каде дури 22,6 % изјавиле дека биле ангажирани во политичко-партиска кампања. Југозападниот Регион, како втор со највисок процент на ангажирани млади, брои околу 21, 9 %, а потоа следуваат Источниот со 21,8 % и Полошкиот со 21,6 %.




### 4.4.5. Учество на младите во локалната власт

Креирањето на ефикасни младински политики и нивното спроведување во голема мера зависи и од учеството на младите во локалната власт, во рамки на администрацијата и како дел од советот на општината.

Во рамки на администрацијата, резултатите од истражувањето покажуваат дека просекот на вработени млади во општинската администрација изнесува скромни 11 %.

Во рамки пак на советот на општината, просекот на учество на младите изнесува 20 % од вкупниот број на советници во општините.

## 4.5. Граѓанско учество

Вклученоста на младите во активностите на заедницата од најрана возраст, како на пример преку волонтирање, спортски активности итн., им овозможува да се стекнат со искуства што понатаму би им користеле при активно учество во решавање на проблеми и предизвици со коишто се соочуваат и младите и заедницата во целост, како на пример младинска невработеност, социјална исклученост, политички немири, сиромаштија и нееднаквост. Затоа во последниве декади се става акцент на промовирање на граѓанското учество помеѓу младите и нивно вклучување во активностите на заедницата во секое поле. Најчесто младите се мотивирани да се вклучат во решавање на прашања што директно нив ги засегаат, а со тоа и заедницата во којашто живеат. Исто така во последните декади помеѓу младите се забележува тренд на оддалечување од институционализираните структури во општеството (како на пример политичките партии и гласачките активности), а приближување кон политичкиот активизам којшто се заснова на одредена кауза. Тука, значајна улога имаат и младинските граѓански организации коишто на младите им овозможуваат да се стекнат со вештини преку една поструктурирана организациска форма, што ќе им користи при нивната политичка ангажираност, во контекст на претходно споменатиот облик на мобилизација врз основа на одредена кауза.

Формите на младинско учество можат да бидат разновидни. Од волонтирање за некоја кауза битна за општеството до учество во градење на мир во конфликтни општества.

Според наодите на Глобалниот индекс за младински развој (поддржан од Комонвелтот) за 2016 година Македонија, во споредба со другите категории, има најслаб резултат во категоријата за граѓанско учество, кој изнесува 0,495 од 1 како највисока оценка и со тоа го зазема 92 место во светот. Споредено со земјите од регионот, Албанија (82 место), Хрватска (69 место) и Словенија (15 место) се подобро рангирани од Македонија во оваа категорија, додека другите држави, како Србија (155 место), Црна Гора (148 место) и Бугарија (168 место) се полошо рангирани.

### 4.5.1. Интеракција на младите со локалните и државните власти

Интеракцијата на младите беше испитана преку прашањето за тоа дали на каков било начин испитаниците имаат стапено во некаква интеракција со локалните или државните власти во кој било период. Наодите од анкетата покажуваат дека најголемиот дел од младите, поточно 69,1 % одговориле дека немаат стапено во интеракција со претставници на власта, ниту на локално ниту на државно ниво, додека само 20,2 % на некој начин стапиле во комуникација со претставници на власта.

Гледано по региони, младите од Пелагонискиот Регион со 29,1 % се најактивни во поглед на стапувањето во интеракција со претставниците на власта, на локално или на државно ниво. По Пелагонискиот Регион, највисок процент на млади што одговориле дека стапиле во интеракција на некаков начин има во Вардарскиот и Југоисточниот Регион со 27,7 %. Од друга страна, најмалку биле вклучени младите од Полошкиот Регион со 14,7 % и младите од Источниот Регион со 15,8 %.




Како што може да се види од графиконот подолу, стапувањето во интеракција со властите расте правопропорционално со степенот на образование на испитаниците. Така, дури 75 % од младите со завршени докторски студии имаат стапено во интеракција со властите, додека процентот значително се намалува кај младите со магистерски студии со 40,5 %. Кај оние со високо образовани имаме процент на учество од 25,1 %, односно секој 4 со завршени додипломски студии стапил во интеракција со претставници од некое ниво на власт (локално или државно).




По занимања, најмногу стапуваат во интеракција вработените, а најмалку учениците. Мора да се напомне дека и невработените се прилично активни кога е во прашање интеракцијата со претставници на власта.

### 4.5.2. Изразување на ставови и мислења на интернет од страна на младите

Користењето на интернетот и социјалните мрежи е доста популарно меѓу младите. Затоа, во прашалникот беше вклучено прашање за тоа колку младите ги користат интернет-алатките за изразување на ставови за одредена политичка или општествена ситуација што ги засега. Изненадувачки, и покрај високиот процент на млади што користат вакви алатки, повеќе од половина од анкетираните млади (57,5 %) рекле дека никогаш немаат објавено свое мислење или став по одредено прашања од значење за заедницата, а само 6,9 % често или многу често објавуваат свои ставови и мислења.

Најактивни во користењето на интернет-алатките за изразување на ставови и мислење за некое општествено политичко прашање се младите на возраст 25 – 29 години со завршено средно образование. Потоа следуваат младите помеѓу 20 – 24 години, а најнеактивни се младите со завршени докторски студии.

### 4.5.3. Консултативен процес на локално ниво при креирање на јавни политики што ги засегаат младите

Вклучувањето на младите во процесот на креирање политики, особено на локално ниво, има низа придобивки и за општината и за младите. Од страна на општината, на тој начин се осигурува партиципативно креирање на политики што дава ефикасни и ефективни политики коишто се препознаени од страна на граѓаните и на избори. Од страна на младите, ваквиот начин на креирање политики обезбедувадека преку политиките да се решаваат нивните проблеми и прашања.-

Сепак и покрај позитивните аспекти, општините недоволно го искористуваат ваквиот начин на креирање политики. Така, само половина од општините практикуваат партиципативен начин на креирање политики во коишто се вклучени младите и младинските организации.

По региони, најмногу општини што практикуваат партиципативен начин на креирање политики има во Вардарскиот, каде што дури 86 % од општините рекле дека ги вклучуваат младите и младинските организации, а најмалку се користи во Југоисточниот Регион.

### 4.5.4. Буџет за младински програми

Вклучувањето на младите во креирање политики е само првиот чекор кон решавање на нивните проблеми. Вториот чекор би бил да се определат финансиски средства за реализација на политиките што ги тангираат младите и за активностите.

Во тој поглед, само 36 % од општините изјавиле дека имаат определено и буџет којшто ќе обезбеди реализација на младинските политики.

### 4.5.5. Перцепција на младите во однос на влијанието на чинителите врз решавање на нивните проблеми

Во рамки на спроведената анкета, младите беа замолени да дадат оценка на чинителите врз основа на нивната влијателност во решавање на младински прашања. Наодите покажуваат дека младите очекуваат за нивните проблеми најмногу да се залагаат младинските организации, кои добија средна оценка од 3,34 од максимални 5, потоа младите, односно самите тие (3,36), што претставува и највисока средна оценка. Понатаму, младите имаат очекувања и од Агенцијата за млади и спорт, која доби средна оценка за влијателност во решавање на младинските прашања од 3,15. По овие три највисоко рангирани чинители, младите  сметаат дека градоначалникот е најнадлежен за решавање на младинските прашања, кој доби оценка од 2,87, а по овој чинител, младите очекуваат да се заложи и Владата во решавање на нивните проблеми. Најмалку младите очекуваат од претседателот на државата, бидејќи од сите чинители наведени во прашањето, овој чинител доби најмала средна оценка од 2,51, односно малку повеќе од половината од максималната оценка.





### 4.5.6. Одговорност за решавање на младинските прашања

Во однос пак на тоа каде ја лоцираат одговорноста за решавање на младинските прашања, односно кај кој од наведените чинители, највисока оценка, т.е. најголема одговорност за решавање на младинските прашања е кај градоначалникот (4,02 средна оценка од 5). По градоначалникот, следен чинител, кој има најголема одговорност според младите, се младинските организации (3,98), а потоа е Собранието (3,97).




### 4.5.7. Задоволство од квалитетот на живот во општината

Во рамки на теренското истражување, младите преку анкета беа замолени да го оценат квалитетот на животот во нивната општина. Потоа, при обработка на податоците, општините беа групирани по региони за да обезбедиме споредливост на ниво на региони. Генерално, просекот од 2,85 кажува дека младите се средно задоволни од квалитетот на животот во нивната општина. Како најголеми недостатоци младите ги истакнуваат загаденоста на воздухот, загаденоста на животната средина, лошата инфраструктура, недоволно културни манифестации, недоволно финансии, немање на соодветни можности за вработување итн. Се разбира, истакнувањето на недостатоците во голема мера зависи од регионот и од степенот на развиеност на самата општина. Притоа, најголем степен на задоволство од квалитетот на животот има помеѓу младите што живеат во Југоисточниот Регион, каде што средната оценка изнесува 3,16 на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисоката оценка. Од друга страна, пак, најмало задоволство од квалитетот на животот има помеѓу младите што живеат во Југозападниот Регион каде што средната оценка е 2,46.




### 4.5.8. Вклученост на младите во зачувување на животната средина

Квалитетот на животот во општината во голема мера зависи и од тоа колку општината се грижи за животната средина и презема мерки за нејзино зачувување. Понатаму, успешната реализација на овие мерки зависи и од вклученоста на локалното население, а пред сè на младите. Затоа преку прашалникот младите беа прашани што мислат за посветеноста на претставниците на локалната самоуправа во зачувување на животната средина и вклучување на младите во реализација на активности кон таа цел. Резултатите од анкетата говорат дека само 13 % од младите сметаат дека општината доволно ги вклучува младите во реализација на активности за зачувување на животната средина, а високи 64,3 % сметаат дека овие напори се недоволни. 21 % од анкетираните, пак, не сметаат дека се доволно информирани околу ова прашање.

Анализирајќи ги наодите по региони, според анкетираните, најмалку активности за вклучување на младите во зачувување на животната средина се преземаат во Југоисточниот Регион, а ова мислење го делат дури 88,3 % од анкетираните. По овој регион следува Југозападниот со 75 % од младите што сметаат дека општината не презема доволно активностите за зачувување на животната средина и вклучување на младите во тие активности, по што следуваат Скопскиот и Североисточниот со по 65,8 % од младите што го делат ова мислење. Најмногу активности пак во овој поглед се преземаат во општините во Источниот Регион со 21,8 %, а потоа следува и Вардарскиот Регион со 17,6 %.




### 4.5.9. Стапка на млади што имаат искуство со волонтерство

Волонтирањето може да има многу форми и да се разликува во однос на тоа каде се изведува, кои вештини се бараат, како и времетраењето на задачите. Така, помагањето во уредување на парковите и други зелени површини по два часа во седмицата, помагање на стари и изнемоштени лица неколку часа во текот на седмицата се смета како еднакво вредни начини на волонтирање во рамки на заедницата. Волонтерството треба да биде промовирано од страна на сите релевантни чинители преку нагласување на придобивките што можат да ги имаат младите од волонтирањето. Преку волонтирањето се стекнуваат искуства и вештини што подоцна можат да се применат на работното место. Понатаму, подготвеноста на младите за преземање на покомплексни задачи на работното место, со користење на вештините стекнати на овој начин, ќе придонесат кон стекнување на доверба од страна на работодавачот и со тоа зголемување на конкурентноста на младите на работното место. А вештините што се стекнуваат преку волонтирање вклучуваат: самодоверба, комуникациски вештини, одговорност, тимска работа и иновативност во работата.

Волонтирањето исто така ѝ помага и на заедницата. Со волонтирање младите можат да направат промена, макар и да се слушне нивниот глас за одредени прашања што нив ги засегаат.

Според наодите од анкетата, 26,5 % од анкетираните имаат волонтирано, а 76,1 % не волонтирале никогаш. Помеѓу мажите и жените скоро подеднакво се волонтира, односно не се волонтира.

По региони, најмногу младите волонтираат во Пелагонискиот, каде што дури 38,1 % рекле дека волонтирале во некоја фаза од животот, по што следува Вардарскиот со 37,1 % и Скопскиот со 30,1 %. Најмалку млади што рекле дека волонтирале има во Источниот (18 %) и Полошкиот Регион со 18,7 %.




Според степенот на образование, волонтирањето кај младите се зголемува со зголемување на степенот на образование. Така, кај младите со средно образование овој процент е 20,6 %, кај оние со високо образование е 33,1 %, додека кај младите со завршени магистерски студии дури 44,5 % лица стекнале некакво искуство преку волонтирањето. Кај младите лица со завршени докторски студии скоро секој втор има волонтирано на некаков начин.

### 4.5.10. Промоција на волонтерството од страна на општината

На прашањето дали младите сметаат дека општината доволно го промовира волонтерството меѓу младите, само 8,7 % одговориле потврдно, додека 58,3 % сметаат дека недоволно се промовира волонтерството од страна на општината. 32,9 % не дале одговор на ова прашање. Младите од Вардарскиот Регион во најголем процент сметаат дека општината доволно го промовира волонтерството со 11,9 %, а потоа следува Скопскиот со 9,2 % и Полошкиот со 9,1 %. Од друга страна, младите во Југоисточниот Регион најмалку се задоволни од она што го преземаат општините во тој регион за промоција на волонтерството и ова го мислат дури 75,9 % од младите. Нешто подобра е ситуацијата во Југозападниот Регион (71,4 %), а потоа следува Североисточниот со 64,9 %.



### 4.5.11. Учество во културни активности

Во Македонија, во изминативе шест месеци, скоро секој трет млад човек има учествувано во некаква уметничка активност, било пасивно како гледач, или активно, како изведувач или организатор. Останатите 66,3 % рекле дека немаат учествувано на каков било начин, додека 1,5 % не дале одговор на прашањето.

Според наодите од анкетата, во културни активности најмногу имаат учествувано младите од Скопскиот Регион со 38 %, по што следуваат младите од Пелагонискиот Регион со 37,9 %, а по нив се младите од Југозападниот Регион со 30,9 %. Најмалку културни активности следат младите од Југоисточниот Регион, од коишто само 19,3 % рекле дека зеле учество во културни активности.

Сепак, запрашани дали општината прави доволно за развој на културата во општината, особено за младите, 60 % од младите во државата сметаат дека недоволно се прави на тој план.




### 4.5.12. Учество во спортски активности

Практикување спорт и учество во спортски активности е значајно за правилен развој на младите и на физички и на психички план. Спортувањето има низа предности коишто можат да се применат во разни аспекти од животот на младите, со оглед на вештините што се развиваат со спортот.

Сепак, младите во Македонија недоволно практикуваат или учествуваат во спортски активности. Така, секој четврти млад човек во последниве 6 месеци има на некаков начин учествувано во спортски активности. Ова е малку ако се земе предвид фактот дека угоеноста е сè повеќе присутна меѓу младите во Македонија, а токму спортувањето најефикасно може да се спротивстави на овој негативен тренд меѓу младите.

По региони, најмалку се спортува во Југоисточниот (17,2 %), а потоа следува Вардарскиот со 18,2 % и Североисточниот со 27,1 %.




### 4.5.13. Учество во решавање на проблем во заедницата

Учеството во решавање на некое прашање или проблем што ја тангира заедницата е значаен индикатор што го покажува нивото на општествена свесност на младите и нивниот капацитет активно да учествуваат во донесувањето на одлуки. Партиципативноста во носењето на одлуки е еден од постулатите на транспарентна и отчетна управа, но ова е можно само доколку има граѓани што се спремни да се вклучат во изнаоѓањето на решение за некој проблем или пак во креирањето на агендата на заедницата во смисла на дефинирање на приоритетите.

Меѓутоа, само 14,6 % од младите во Македонија во последните 6 месеци на некој начин учествувале во партиципативно креирање на политики или решавање на некој проблем.

Гледано по региони, најмногу учествувале младите од Југоисточниот со 20 %. Бидејќи анкетата се спроведуваше за време на кампањите против отворањето на рудниците во овој крај, веројатноста е дека повисокиот процент од учество во решавање на проблем во заедницата е резултат токму на оваа активност.

Најмалку пак активни биле младите во Полошкиот Регион, каде што само 9,6 % од нив зеле учество во решавање на некаков проблем, а слична е и ситуацијата со Североисточниот Регион каде што процентот е 9,7 %.



### 4.5.14. Учество во граѓански протести

Кога, пак, станува збор за учество во граѓански протести, наодите покажуваат дека младите повеќе учествуваат во ваков, условно кажано попасивен начин на практикување на граѓанска активност.  Така, скоро 40 % од младите имаат учествувано во некој граѓански протест во текот на својот живот.

### 4.5.15. Потпишување петиции

Слично како и со претходниот индикатор, 38,1 % од младите имаат поддржано некоја граѓанска петиција. Во овој случај, младите од Североисточниот Регион биле најактивни и во ваква активност биле вклучени 59,4 % од нив, додека најпасивни биле младите од Источниот Регион, каде што само 18,4 % потпишале петиција организирана од страна на граѓаните.

### 4.5.16. Обезбедување финансиска поддршка од локалните и националните власти во насока на поттикнување на младинско учество

Од анкетираните општини, 36 % одговориле дека имаат обезбедено финансиска поддршка за поттикнување на младинското учество.

Најмногу општини коишто обезбедиле учество има во Полошкиот Регион со 60 %, а најмалку во Североисточниот, само 17 %.




### 4.5.17. Постоење на комуникациска стратегија за информирање на младите во општината/државата

Успешното и ефикасното вклучување на младите во процесот на донесување одлуки во голема мера зависи од воспоставување на стратегија за комуникација со млади од страна на општината. Во таа насока, само 20 % од општините ваквата комуникацијата ја базираат на

стратегија, а повисок е процентот на општините што имаат развиено комуникациски алатки што се насочени за комуникација со младите и тој изнесува 49 %.

### 4.5.18. Спроведување на истражувања за ставовите и потребите на младите во општината/државата

Доста низок е процентот на општините што редовно го испитуваат мислењето на младите во однос на нивните потреби. Така, само 20 % спроведуваат некаква форма на испитување на мислењето на младите, а само 13 % одговориле дека постапуваат, односно преземаат некакви активности во насока на пресретнување на потребите на младите како резултат на овие анкети.

### 4.5.19. Постоење на формално уредени училишни заедници во средните училишта на територијата на општината

Во поглед на воспоставувањето на функционални училишни заедници преку кои младите уште од порана возраст ќе можат да се вклучат и активно да учествуваат во процесот на донесување на одлука во рамки на училиштето, во 53 % од општините во Македонија постојат функционални училишни заедници. Притоа, највисок процент на општини каде што функционираат училишни заедници има во планскиот Скопски Регион, каде што во сите 23 училишта по ингеренции на Град Скопје функционираат училишни заедници. Потоа следува Вардарскиот Регион со 80 % од училиштата, а потоа е Источниот со 72 % од вкупниот број на училишта.

### 4.5.20. Конституирање на Совет на млади

Советот на млади, како едно од најзначајните тела на младите преку кое ќе можат да влијаат на донесувањето на одлуки во интерес и согласно со нивните потребите, е конституиран во нешто повеќе од половина од општините коишто доставиле податоци, или поточно во 53 % од општините во државата.

Во Југозападниот Регион, 80 % од општините опфатени со истражувањето имаат конституирано Совет на млади, по што следува Пелагонискиот Регион со 75 %, додека најмалку општини во коишто е конституиран Совет на млади има во Североисточниот со само 17 %.

Според податоците, пак, од Младинската википедија (Youth Wiki)[13], којашто претставува интернет-платформа за следење на младинските политики во Европа, 64 општини во Македонија ги имаат интегрирано младинските совети како механизми за учество на младите во процесот на донесување на одлуките на локално ниво, односно 79 % од општините во Македонија.

13 https://eacea.ec.europa.eu/national-policies/sites/youthwiki/files/gdlformer_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.



# 5. Заклучоци

Резултатите покажуваат дека интервенции од креаторите на политики се потребни во скоро сите области за да се обезбеди оддржлив младински развој којшто ќе гарантира подобра состојба на младите во државата. Ова е неопходно бидејќи веќе подолго време Македонија се соочува со одлив на кадри, а некои од причините коишто се наведуваат се поврзани со нискиот квалитет на живот, недостиг на кариерни можности, недостиг на финансии, како и општиот негативен општествено-политички контекст во којшто младите живеат во Македонија. За таа цел, Индексот дава насоки во кои области е потребно да се интервенира и кои приоритетни аспекти би требало да се покријат. Треба уште да се напомене дека во Македонија сè уште не постои Закон за млади, којшто на еден систематски начин би регулирал повеќе сегменти поврзани со младинскиот развој.

Просекот на регионите во поглед на исполнетост на индикаторите во сите категории изнесува **0,452**, на скала од 0 до 1, што значи дека нешто повеќе од половина од индикаторите не се исполнети.

Просекот на коефициентот на регионите во категоријата **образование** изнесува 0,405 на скала од 0 до 1, што значи дека помалку од половината од индикаторите биле исполнети во рамки на оваа категорија.

Најслаб резултат имаа општините во Пелагонискиот Регион, каде што коефициентот на исполнување на индикаторите е 0,074 од максималната оценка 1, највисок коефициент има Североисточниот Регион со 0,632.




Исполнетоста на индикаторите во категоријата **Здравје и благосостојба** изнесува 0,550 на скала од 0 до 1, односно нешто повеќе од половината од индикаторите во оваа категорија биле исполнети. Најуспешни општини во оваа категорија биле општините од Источниот Регион со коефициент на исполнетост од 0,797, по што следуваат Југозападниот со 0,796 и Вардарскиот Регион со просечна оценка од 0,737.




Во рамки на категоријата **Вработување и можности**, просекот на коефициентот на исполнетост на индикаторите изнесува 0,468 за сите региони. Највисок коефициент на исполнетост имаат општините од Вардарскиот Регион, каде што коефициентот изнесува 0,911 односно блиску до исполнување на сите индикатори.




Просечната вредност на коефициентот на **Политичко учество** за регионите изнесува 0,537 што е нешто повеќе од половината од максималната вредност. Највисока вредност во оваа категорија имаат општините од Југозападниот Регион каде што имаат максимална исполнетост на индикаторите од оваа категорија.

Најниска исполнетост на индикаторите од оваа категорија има во Полошкиот Регион, каде што коефициентот е 0 а нешто подобар е Скопскиот Регион каде што коефициентот е 0,353 и Пелагонискиот со 0,374.




Во рамки на последната категорија **Граѓанско учество**, просекот на општините изнесува 0,497 и е втор најдобар резултат гледано по категории. Најслаби резултати во рамки на оваа категорија имаат општините од Југозападниот Регион со коефициент од 0,313, по што следува Источниот Регион со 0, 384. Најдобри резултати, односно најмногу партиципативност во рамки на граѓанското општество имаат општините од Пелагонискиот Регион, каде што коефициентот на исполнетост изнесува 0,656, а веднаш по него се општините од Скопскиот Регион со 0,629 и Североисточниот со 0,613.



# 6. ПРЕПОРАКИ

## 6.1. Национално ниво

Со оглед на резултатите остварени по категориите во Индексот за младински развој во Македонија, очигледно дека најприоритетна област за интервенции е образованието. Во рамки на оваа категорија особено треба да се посвети внимание на подобрување на образовните програми во насока на обезбедување на поголема компатибилност со потребите на пазарот на труд. Активностите што би требало да се преземат од страна на државните власти вклучуваат:

- Подобрување на образовните програми во средните стручни училишта врз основа на анализа на специфичните барања на пазарот на труд;
- Подобра промоција на вештини и вредности коишто се барани на пазарот на труд меѓу младите преку образовниот процес;
- Подобрување на методологијата за изготвување на стратегија за планско запишување на ученици во средните стручни училишта.

Во рамки на редовното образование треба да се обезбеди поголема инклузивност на лицата со посебни потреби. Во оваа насока, во рамки на училиштата би требало повеќе да се промовира родовата еднаквост меѓу учениците преку изготвување на соодветни стратегии и активности.

Следната категорија којашто според резултатите бара повеќе внимание и приоритет во спроведување на мерки и активности е Вработување и можности за млади. Ова не е за изненадување, невработеноста, со една од највисоките стапки во регионот и пошироко од над 50 %, претставува и најголем проблем меѓу младите. Во оваа категорија најслаб резултат има индикаторот што го мери фертилитетот кај младите, а просекот на овој индикатор изнесува 0,382. На долг рок нискиот фертилитет би го загрозил учеството на младата работна сила во процентот на активно население што би креирало сериозни проблеми во економијата.

Промоција на поефикасни активни мерки за вработување со фокус на младите би требало да биде еден од клучните приоритети на Владата во наредниот период.

Во рамки на категоријата Граѓанско учество, којашто е трета најлоша категорија според резултатите на ИМРМ, најголем приоритет треба да биде промоција на волонтерството на национално ниво како поддршка на активностите за зајакнување на волонтерството на локално ниво.




## 6.2. Препораки на регионално ниво

Препорките што се однесувааат на општините од осумте плански региони во државата, врз основа на резултатите од ИМРМ, се следниве:

### 6.2.1. Скопски Регион

Приоритетни категории за интервенција во Скопски Регион:

1. Здравје и благосостојба
   - 1.1 Намалување на стапката на пушачи меѓу младите
   - 1.2. Изготвување на стратегија за превенција од сообраќајни незгоди наменети за млади
2. Вработување и можности
   - 2.1. Преземање на мерки во насока на подобрување на фертилитетот меѓу младите (на пр. воведување на сексуално образование)
   - 2.2. Преземање на мерки за промоција на вработување меѓу младите
3. Политички учество
   - 3.1. Стапката на излезност на избори е ниска, што значи дека треба да се преземат мерки за поттикнување на излезноста со цел младите да земат поголемо учество во процесот на донесување одлуки на национална и локално ниво
4. Образование
   - 4.1. Промоција на родова еднаквост меѓу младите
   - 4.2. Подобрување на образовните програми заради нивно усогласување со потребите на пазарот на труд

5. Граѓанско учество
   5.1. Промоција на волонтерството меѓу младите
   5.2. Конституирање на Совет на млади
   5.3. Донесување буџет за младински програми

### 6.2.2. Плански Североисточен Регион

1. Вработување и можности
   1.1. Поттикнување на мерки за вработување меѓу младите
2. Здравје и благосостојба
   2.1. Намалување на стапката на млади што консумираат алкохол
3. Образование
   3.1. Подобрување на инклузивноста на лицата со посебни потреби во рамки на образованието
   3.2. Активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти
4. Граѓанско учество
   4.1. Осигурување на широк консултативен процес на локално ниво при креирање на јавни политики што ги засегаат младите
   4.2. Поттикнување на учество во решавање на проблем/прашање во заедницата меѓу младите
   4.3. Развивање и усвојување на комуникациска стратегија за информирање на младите во општината/државата

### 6.2.3. Плански Источен Регион

1. Граѓанско учество
   1.1. Подобрување на интеракцијата на младите на возраст 18 – 29 год. со локалните/државните власти
   1.2. Осигурување на широк консултативен процес на локално ниво при креирање на јавни политики што ги засегаат младите
   1.3. Поттикнување на учество на младите во граѓански собири
2. Вработување и можности
   2.1. Промоција на мерки за поттикнување на вработување меѓу младите помеѓу 15 – 29 год. од страна на локалните власти
3. Образование
   3.1. Подобрување на стапката на дигитална писменост

### 6.2.4. Плански Југоисточен Регион

1. Образование
    1.1. Промоција на родова рамноправност меѓу младите
    1.2. Подобрување на инклузивноста (физичка попреченост и интелектуална попреченост) во средните училишта
    1.3. Подобрување на планското запишување на ученици во средните училишта
2. **Вработување и можности**
    2.1. Промоција на мерки за поттикнување на вработување меѓу младите помеѓу 15 – 29 год. од страна на локалните власти
3. Здравје и благосостојба
    3.1. Намалување на стапката на млади што употребуваат алкохол
    3.2. Усвојување на стратегија за превенција од сообраќајни незгоди во кои се вклучени младите на возраст 15 – 29 год.
4. Граѓанско учество
    4.1. Донесување на буџет за младински програми
    4.2. Промоција на волонтерството од страна на општината
    4.3. Организирање на повеќе културни, спортски и уметнички активности
    4.4. Спроведување на истражувања за ставовите и потребите на младите во општината/државата

### 6.2.5. Плански Вардарски Регион

1. Образование
    1.1. Активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти
2. Граѓанско учество
    2.1. Подобра функционалност на формално уредени училишни заедници во средните училишта на територијата на општината
    2.2. Организирање на спортски активности
    2.3. Промоција на волонтерството од страна на општините
3. Политичко учество
    3.1. Поттикнување на младите за поголема излезност на избори (локални и национални)

### 6.2.6. Плански Југозападен Регион

1. Образование
   1.1. Подобрување на стапката на дигитална писменост
   1.2. Подобрување на инклузивноста (физичка попреченост и интелектуална попреченост) во средните училишта
   1.3. Преземање на активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти
2. Граѓанско учество
   2.1. Донесување на буџет за младински програми
   2.2. Преземање на мерки за вклучување на младите во зачувување на животната средина
   2.3. Промоција на волонтерството од страна на општината
   2.4. Спроведување на истражувања за ставовите и потребите на младите во општината/државата
   2.5. Конституирање на Совет на млади во општините каде што нема
3. Вработување и можности
   3.1. Промоција на мерките за поттикнување на вработување меѓу младите помеѓу 15 – 29 год. од страна на локалните власти

### 6.2.7. Плански Полошки Регион

1. Политичко учество
   1.1. Подобрување на стапката на излезност на избори (национално и локално ниво)
2. Образование
   2.1. Планско запишување на ученици во средните училишта
   2.2. Подобрување на планското запишување на ученици во средните училишта
   2.3. Подобрување на инклузивноста во средните училишта за лицата со физичка и ментална попопреченост
   2.4. Подобрување на дигиталната писменост кај учениците
3. Вработување и можности
   3.1. Промоција на мерките за поттикнување на вработување меѓу младите помеѓу 15 – 29 год. од страна на локалните власти
4. Граѓанско учество
   4.1. Донесување на буџет за младински програми
   4.2. Промоција на волонтерството од страна на општината

4.3. Поттикнување на учеството во решавање на некој проблем во заедницата

4.4. Формирање на формално уредени училишни заедници во средните училишта на територијата на општината

4.5. Поголема вклученост на младите во решавање на проблеми поврзани со животната средина

4.6. Донесување на комуникациски стратегии со младите од страна општините

### 6.2.8. Плански Пелагониски Регион

1. Образование

   1.1. Подобрување на инклузивноста на училиштата во поглед на лицата со ментална и физичка попреченост

   1.2. Донесување на стратегија за планско запишување на учениците во средните стручни училишта

   1.3. Активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти

   1.4. Подобрување на дигиталната писменост помеѓу младите

2. Вработување и можности

   2.1. Промоција на мерките за поттикнување на вработување меѓу младите помеѓу 15 – 29 год. од страна на локалните власти

3. Граѓанско учество

   3.1. Спроведување на истражувања за ставовите и потребите на младите во општината/државата

   3.2. Донесување комуникациска стратегија за информирање на младите во општината/државата

# 7. АНЕКС 1

| Категорија | | Индикатор | Опис и димензии | Извор/алатка за прибирање податоци |
|---|---|---|---|---|
| **1. Образо-вание** | 1 | Стапка на упис и завршување во средните училишта | 1. Процент на млади запишани во средните училишта<br>2. Процент на завршување на сред-но образование (категоризација по род, етничка припадност) | ДЗС/официјални документи од МОН со реле-вантни податоци |
| | 2 | Стапка на писменост | Процент од млади помеѓу 15 – 24 год. коишто можат да читаат и пишуваат, одреден преку разбирање на кратка едноставна изјава за секојдневниот живот | ДЗС/ПИСА-2015, Извештај |
| | 3 | Стапка на дигитална писменост | 1. Процент на млади на возраст 15 – 29 години коишто активно користат ин-тернет<br>2. Познавање на софтвер за обработка на текст, презентација и пресметки<br>3. Познавање на програмски јазик | Анкета |
| | 4 | Процент на млади што учат два или повеќе странски јазици во средно образование | Процент на млади во средно обра-зование коишто учат два или повеќе странски јазици | ЕВРОСТАТ, ДЗС |
| | 5 | Стапка на млади запишани во висо-ко образование | Процент на млади запишани во висо-ко образование по завршувањето на средното образование | ДЗС |
| | 6 | Постоење на п олитики за инклу-зивност (физичка попреченост) во средните училишта | 1=постоење на политики;<br>0,5= политики во развој; 0=нема ин-формации или нема<br>(1. Мапирање на потребите на лицата со физичка и ментална попреченост<br>2. Стратегија за вклучување на лицата со физичка и ментална попреченост во редовните училишни програми (По тим на училиште: гимназиско, стручно)) | Прашалник за ЕЛС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 7 | Постоење на политики за родова еднаквост меѓу младите | 1=постоење на политики;<br>0,5= политики во развој; 0=нема информации или нема<br>1. Дали општинината има усвоено стратегија за родова еднаквост?<br>2. Дали општината има предвидено буџет за реализирање на активностите во стратегијата за родово рамноправност меѓу младите? (по тип на средни училишта) | Прашалник за ЕЛС |
| | 8 | Постоење на планско запишување на ученици во средните училишта | 1=постоење на стратегија за планско запишување; 0,5= во развој;<br>0=нема информации или нема<br>(Постоење на стратегија за планско запишување на ученици во средните училишта според потребите и просторните можности за одржување на кабинетска настава во насока на подобрување на квалитетот на образованието) | Прашалник за ЕЛС |
| | 9 | Постоење на активности за подобрување на образовните програми според потребите на пазарот од страна на локалните власти | 1=постоење на програма;<br>0,5= програма во развој;<br>0=нема информации или нема<br>(Програма/план за подобрување на образовните програми во средните стручни училишта според потребите на пазарот во соработка со средните стручни училишта, стопанскиот сектор и локалната самоуправа) | Прашалник за ЕЛС |
| **2. Здравје и благосостојба** | 1 | Стапка на смртност меѓу младите | Процент на смртност меѓу младите на 100 000 на возраст 15 – 29 год. во споредба со вкупната популација (пол, етничка припадност) | ИЈЗ |
| | 2 | Стапка на пушачи меѓу младите | 1. Изгубени години на живот поради пушење цигари<br>2. Процент на млади коишто пушат на дневна основа (пол, етничка припадност) | ИЈЗ/анкета |
| | 3 | Стапка на млади лица што злоупотребуваат алкохол | 1. Изгубени години на живот поради употреба на алкохол<br>2. Процент на млади што консумираат алкохол повеќе од 3 пати во седмицата (пол, етничка припадност) | ИЈЗ/анкета |
| | 4 | Стапка на угоеност меѓу младите лица | Процент на млади лица на возраст 16 – 29 години што имаат прекумерна тежина | ИЈЗ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 5 | Стапка на млади лица што користат нелегални дроги | Процент на млади 15 – 34 год. што користат нелегални дроги | ИЈЗ |
| | 6 | Стапка на млади инфицирани со ХИВ | Процент на млади 20 – 29 год. што се инфицирани со ХИВ | ИЈЗ |
| | 7 | Стапка на млади што искусиле психолошки стрес во последните 4 седмици | Процент на млади 15 – 29 год. кои одговориле со „да“на прашање дали искусиле некаков стрес на работа или дома во последните 4 седмици | Анкета |
| | 8 | Постоење на стратегија за превенција од сообраќајни незгоди во кои се вклучени младите на возраст 15 – 29 год. | 1=постоење на стратегија; 0,5= стратегија во развој; 0=нема информации или нема (Стратегија за сообраќајна едукација на млади во насока на превенција од сообраќајни незгоди) | Прашалник за ЕЛС |
| **3. Вработување и можности** | 1 | Стапка на невработеност кај младите | Процент на невработеност кај младите на возраст помеѓу 15 – 29 год. во однос на вкупното население | ДЗС |
| | 2 | Стапка на млади што не се вработени и не се во образование и обука (НЕЕТ) | Процент на млади 15 – 29 што не се вработени и не се во образование и обука | ДЗС |
| | 3 | Постоење на стратегија за промоција на неформално образование кај младите на возраст помеѓу 15 – 29 год. | 1=постоење на стратегија;<br>0,5= стратегија во развој;<br>0=нема информации или нема<br>( 1. Спроведено мапирање на субјекти што нудат неформално образование за млади<br>2. Спроведено истражување за потребите на младите за неформално образование) | Прашалник за ЕЛС |
| | 4 | Стапка на фертилитет кај младите | Број на раѓања на 1 000 жени на возраст помеѓу 15 – 19 год. | ДЗС |
| | 5 | Поседување на трансакциска сметка во финансиска институција | Процент на млади меѓу 15 – 29 год. што поседуваат трансакциска сметка во банка | Анкета |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6 | Стапка на млади на возраст помеѓу 25 – 29 год. што живеат со родителите | Процент на млади што живеат со родителите по завршувањето на образовниот процес (25 – 29 год.) | ЕВРОСТАТ |
| | 7 | Постоење на активности за промоција на мерки за поттикнување на вработување меѓу младите помеѓу 15 – 29 год. од страна на локалните власти | 1=постоење на програма;<br>0,5= програма во развој;<br>0=нема информации или нема | Прашалник за ЕЛС |
| **4. Политичка ангажираност/ учество** | 1 | Стапка на излезност на последните локални/парламентарни избори (18 – 29 год.) | Процент на излезност помеѓу младите на возраст 18 – 29 год. на последните локални/парламентарни избори | Анкета |
| | 2 | Членство во поличка партија | Процент на млади на возраст 18 – 29 год. кои се членови на политичка партија | Анкета |
| | 3 | Учество во кампања на политички партија за време на избори | Процент на учество на младите помеѓу 18 – 29 год. во кампања на политичка партија и политичка ангажираност | Анкета |
| | 4 | Учество на млади на возраст 18 – 29 години во локалната власт (извршна, претставничка) | Процент на млади на возраст 18 – 29 год. што се дел од локалната власт (извршна, претставничка) | Прашалник за ЕЛС |



